# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Број 7 ЈУЛИ 2025 година

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**Илинден, Јули 2025 година**

**Илинден**
**Арх.бр.10-1674/5**
**Од 14.07.2025 год.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансирање на изработката на урбанистички планови на подрачјето на Општина Илинден за 2025 година**

Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансирање на изработката на урбанистички планови на подрачјето на Општина Илинден за 2025 година, бр.08-1603/3 од 11.07.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 47 (четириесет и седма) редовна седница одржана на ден 11.07.2025 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.10-1674/1**
**Од 14.04.2025 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

# ПРОГРАМА

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**

ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА
ИЗРАБОТКАТА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН
ЗА 2025 ГОДИНА

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (‘’Сл.весник на Р.М.’’ број 05/02 и ‘’Сл.весник на Р.С.М.’’ бр.202/24), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.15/10), член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.12/09), Член 40 од Законот за урбанистички планирање Законот за урбанистичко планирање (‘’Сл.весник на Р.С.М.“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 11.07.2025 година, ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2025 ГОДИНА

1. Во Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2025 година, (Сл.гласник на општина Илинден бр.12/24) се врши следната измена и дополнување:

Во точка 2 Предмет на Програмата за изработка на Урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2025 година во делот каде е наведена листата на урбанистичките планови и друг вид на урбанистичко планска документација кои се предвидени со самата програма, се додаваат нови урбанистички планови со следните редни броеви:

| Р.Б. | Урбанистички план/општ акт | Населено место | Намена на земјиште (ха) | Намена на земјиштето | Финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| 25 | Урбанистички план за вон населено место за уредување на земјиштето со намена А4.3 - викенд куќи во мв Амајлија, КО Кадино општина Илинден | Кадино | 1.84 | Закон за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.М. бр.32/20, бр.111/23, бр.171/24, бр.224/24, бр.40/25,101/25,127/25) | Од други извори на финанстирање |
| 26 | Измена и дополна на блок 3 од урбанистички план за село Илинден со разработка на Блок 3, 4, 5, 13, 14, 24, 26, 32 и 33, Општина Илинден (плански период 2015-2025 година) со одлука бр.07-2660/4 од 28.10.2015 година. | Илинден | 3.50 | Закон за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.М. бр.32/20, бр.111/23, бр.171/24, бр.224/24, бр.40/25,101/25,127/25) | Од други извори на финанстирање |

2. Во точка 2 од Програмата за изработка на Урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2025 година во табеларниот преглед се менува и вкупната намена на земјиштето во Ха која сега изнесува **1.007,94** ха.

3. Во Точка 3 Графички прилози од Програмата за изработка на Урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2025 година, се додава следните редни броеви:

25. Графички прилог за планска документација под ред.бр.25 од табеларен приказ:



26. Графички прилог за планска документација под ред.бр.26 од табеларен приказ:



4. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во Сл.гласник на Општина Илинден.

Арх.бр:08-1603/3

Дата:11.07.2025 год.

Совет на Општина Илинден
Претседател,
м-р Благоја Митровски с.р.

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

# **Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во Општинското основно училиште „Ристо Крле“Кадино, Илинден во учебната 2025/2026 година**

Се објавува Одлука за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во Општинското основно училиште „Ристо Крле“Кадино, Илинден во учебната 2025/2026 година, бр.08-1603/4 од 11.07.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 47 (четириесет и седма) редовна седница одржана на ден 11.07.2025 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.10-1674/2**
**Од 14.04.2025 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

Врз основа на член 53 став 6 од Законот за основното образование (Сл.весник на Р.М. бр.161/19,229/20 и 3/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02), член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Илинден бр.15/10 и 4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Илинден (Сл.гласник на Општина Илинден бр.12/09), Советот на општина Илинден на 47-та седница одржана на ден 11.07.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во Општинското основно училиште „Ристо Крле“ Кадино, Илинден во учебната 2025/2026 година**

**Член 1**

Се дава согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во Општинското основно училиште „Ристо Крле“ Кадино, Илинден, во учебната 2025/2026 година и тоа:

1. Прво одделение во ЦОУ Кадино со 18 ученици
2. Прво одделение во ПОУ Мралино со 3 ученици
3. Прво одделение во ПОУ Бунарџик со 3 ученици
4.Второ одделение во ЦОУ Кадино со 14 ученици
5.Второ одделение во ПОУ Бунарџик со 4 ученици
6.Второ одделение во ПОУ Мралино со 5 ученици
7.Трето одделение во ПОУ Мралино со 2 ученици
8.Трето одделение во ПОУ Бунарџик со 5 ученици
9.Четврто одделение во ПОУ Мралино со 8 ученици
10.Четврто одделение во ПОУ Бунарџик со 4 ученици
11.Петто одделение во ПОУ Мралино со 7 ученици
12.Петто одделение во ПОУ Бунарџик со 4 ученици
13.Шесто-а одделение во ЦОУ Кадино со 19 ученици
14. Шесто-б одделение во ЦОУ Кадино со 18 ученици
15.Седмо-а одделение во ЦОУ Кадино со 18 ученици
16.Осмо-а одделение во ЦОУ Кадино со 17 ученици
17.Осмо-б одделение во ЦОУ Кадино со 19 ученици
18.Деветто-а одделение во Кадино со 17 ученици
19.Деветто-б одделение во Кадино со 16 ученици

**Член 2**

Согласноста од член 1 се дава врз основа на поднесено Барање од страна на Општинското основно училиште „Ристо Крле“ Кадино, Илинден под бр.08-1573/1 од 01.07.2025 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Благоја Митровски с.р.**

**Архивски број: 08-1603/4**
**Датум на донесување: 11.07.2025г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок**

Се објавува Заклучок, бр.08-1603/5 од 11.07.2025 година што Советот на Општина Илинден го донесе на 47 (четириесет и седма) редовна седница одржана на ден 11.07.2025 година.

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.10-1674/3**
**Од 14.04.2025 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02), член 20 став 1 точка 44, член 47 став 2 и член 51 став 1 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.15/10 и 4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.12/09), Советот на општина Илинден на 47-та седница одржана на ден 11.07.2025 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**1.** Советот на општина Илинден ја разгледа Информација по однос на Иницијативата за донесување на Одлука за ограничување на правото за изработка одобрување на урбанистичко-планнски и урбанистичко-проектни документации со класа на намена на објекти Г-производство, рударство, енергетика и индустрија на делови од територијата на Општина Илинден и ја задолжи општинската администарција, да достави Информација и Предлог-Одлука до Советот на општина Илинден за првата наредна седница.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Благоја Митровски с.р.**

**Архивски број:08-1603/5**
**Датум на донесување:11.07.2025г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на финансиска помош**

Се објавува Одлука за давање на финансиска помош, бр.08-1603/6 од 11.07.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 47 (четириесет и седма) редовна седница одржана на ден 11.07.2025 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.10-1674/4**
**Од 14.04.2025 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.05/02) и член 20 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.15/10 и 4/22) Советот на општина Илинден на 47-та седница одржана на ден 11.07.2025 година, донесе

# О Д Л У К А
## За давање на финансиска помош

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства од Буџетот на општина Илинден за 2025 година заради давање на финансиска помош, согласно поднесено барање бр.05-1647/1 од 08.07.2025 година.

**Член 2**

Финансиската помош се одобрува како поддршка на Хуманитарното здружение на граѓани и лица со хендикеп ,,Илинден" за организирање на активности на пет лица со посебни потреби во извиднички камп во Охрид.

**Член 3**

Финансиска помош во висина од 40.000,00 денари ќе се обезбеди од Буџетот на Општина Илинден Програма Д00-Градоначалник, потставка 413110-тековна резерва.

**Член 4**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Илинден.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Благоја Митровски с.р.**

**Архивски број:08-1603/6**
**Датум на донесување: 11.07.2025г.**

## СОДРЖИНА

1. Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансирање на изработката на урбанистички планови на подрачјето на Општина Илинден за 2025 година, со Решение за објава

2. Одлука за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во Општинското основно училиште „Ристо Крле“Кадино, Илинден во учебната 2025/2026 година, со Решение за објава

3. Заклучок бр.08-1603/5 од 11.07.2025 година, со Решение за објава

4. Одлука за давање на финансиска помош, со Решение за објава